# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

# С Т А Т У Т О Т

**НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

# „ Пере Тошев “

# Росоман

со дел бр. 0101-65/5 од 2022 година

**10.3.2022 година**

Врз основа на член 5, член 7, член 26 став 3 член 46, член 48, член член 49 став 5, член 65 став 2 и член 66 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) како и точка 4 и точка 8 од Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување дел бр.18-6570/1 од 06.07.2020 год. од страна на Министерство за образование и наука и Водичот за работа на училишниот инклузивен тим, Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Пере Тошев“ Росоман, на седницата одржана на ден 10.3. 2022 година, донесе

**ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА ЗА**

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**С Т А Т У Т**
**НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**
**„Пере Тошев“ Росоман**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој акт се врши измена и дополнување на Статутот на општинско основно училиште „Пере Тошев“ Росоман со дел бр. 0101-26/4 од 11.2.2020 година за кој е добиена согласност од Министерството за образование и наука со бр. УП 18-650 од 05.03.2020 год. по дел XI се дополнува.

**Член 2**

Дополнувањето се врши во согласност со Упатството за **постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување дел бр.18-6570/1 од 06.07.2020 год. од страна на Министерство за образование и наука.**

**Член 3**

**По дел XI се додаваат Дел XI-А , Дел XI –Б и Дел XI –В кои гласат:**

„Дел XI-А. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ

**Член 62-а**

Под насилство се подразбира сите форми на физичко, психичко, емоционално, социјално, сексуално и кибер насилство, повреди или злоупотреба, занемарување или несовесно постапување, малтретирање или експлоатација.

**Член 62-б**

Принципи според кои се спроведува постапката се:

- Најдобар интерес на детето
- Почитување на различностите и забрана за дискриминација
- Почитување на правото на самоопределување
- Учество
- Приватност
- Доверливост
- Жртвата не е виновна
- Пропорционалност
- Информираност
- Стручност и одговорност
- Должно внимание
- Забрана за непотизам и корупција

**Член 62-в**

**Чекори на интервенција се:**

- **Препознавање и пријавување на насилство**
- **Прибирање на информации**
- **Прекинување на насилство и смирување на ситуацијата**
- **Советодавно-консултативна работа**
- **Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

**Член 62-г**

**Препознавањето и пријавувањето на насилството треба:**

- да се пријави кај контакт лице (стручен соработник) за пријавување на насилство или кај било кој вработен во училиштето во кој што ученикот има доверба
- сите ученици, вработени во училиштето да пријават насилство без разлика каде се случило (во училиштето, на патот до училиштето, во училишниот двор, во домот на ученикот или било кое друго место)

- Наставниците, стручните соработници, директорот да поседуваат знаења, вештини за препознавање на насилството, да обезбедат извор на информации за појавата на насилното однесување, да внимаваат каде се случува, да знаат да утврдат дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно.

**Член 62 -д**

**Прибирањето на информации треба да се врши преку:**

- Разговор со ученикот кој е жртва на насилно однесување
- Разговор со учесниците сторители во насилното однесување
- Разговор со учениците сведоци на насилството или кој било друг ученик или возрасен засегнат од насилството
- Информирање на одделенскиот раководител, родителите и стручните соработници за учениците кои се жртва на насилното однесување, и учесниците сторители

**Член 62-ѓ**

**Прекинување на насилство и смирување на ситуацијата треба да се врши преку**

- Запирање на насилството кое е обврска на секој вработен кој ја добил информацијата така што вработените се должни веднаш да го прекинат насилството и да преземат активности за смирување на ситуацијата
- Информирање на контакт лицето
- Во зависност од категоризацијата на насилство по потреба се вклучуваат и други институции МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, здравствени установи

**Член 62 -е**

Советодавно-консултативна работа треба да се врши:

- со ученикот кој е жртва на насилно однесување
- со учесниците сторители во насилното однесување
- со родителите на учениците кои се жртва на насилно однесување и родителите на ученици сторители во насилното однесување

**Член 62 -ж**

Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот треба да се врши преку

- Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој по потреба се вклучуваат и други лица ( наставници, стручни соработници, директор, претставници од други институции, здруженија)
- Изготвување на писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот во кој задолжително се вклучени претставници од Центарот за социјална работа, МВР, здравствени институции
- Мерки за промена на однесувањето на сторителот (психосоцијална социјална поддршка од страна на училишен психолог, упатување на родителите/старателите на психо-социјално советување во надлежна установа)
- Изрекување на соодветна педагошка мерка, врз основа член  72 од Законот за основно образование
- Следење на ефектите од педагошките мерки од страна на одделнските наставници и раководители и стручните соработници
- Преместување на жртвата во друга паралелка или училиште по соптсвена желба
- Преместување на сторителот во друго училиште (не како педагошка мерка)
- Мерки за поддршка на набљудувачите /сведоците

**Член 62 –з**

Начинот на Водење на евиденција за појавата на насилното однесување треба да ги содржи следните чекори:

- Евидентирање на секој случај на насилство од страна на контакт лицето во формуларите за евиденција, формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот
- Евидентирање на насилното однесување во евидентниот лист за дежурен наставник

**Член 62 –ѕ**

При појава на насилно однесување училиштето врши меѓусекторска соработка и тоа:

- Вклучување на претставници од други институции при појава на насилство МВР, Меѓуопштински центар за социјална работа, Министерство за труд и социјална политика, здравствени установи, Министерство за здравство, здружение на граѓани кои нудат бесплатна правна помош, Народен правобранител....
- Вклучување на претставници од локална самоуправа

**Член 62 –и**

За превенција од насилно однеување училиштето формира Тим за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.

**Член 62-ј**

Тимот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација е составен од 5 члена и тоа: педагог, психолог, дефектолог, еден. одделенски наставник и еден предметен наставник.

Тимот за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација изготвува Програма за работа и акционен план кои е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето.

**Член 62-к**

Училиштето е должно веднаш по засновање на работен однос со вработениот, да го информира наставникот, односно стручниот соработник за содржината на Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

Училиштето е должно во договорите за вработување на наставниците и стручните соработници да внесе обврски за спречување и заштита од насилство како и спроведување на постапка пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

Насилство кон ученик од страна на вработен во училиштето е основа за отказ.

## Дел XI-В. ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА ЕДНАКВОСТ

**Член 62 -л**

Во училиштето се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.

Се забранува секој облик и вид на дискриминација во основното образование и тоа во:

- воспитно-образовниот процес,
- процесот на запишување во основното образование,
- достапноста до услуги и придобивки, разумно прилагодување и пристапност до и во објекти,
- вработувањето, кариерното напредување и престанок на вработувањето,
- ученичкото организирање,
- содржината на наставните програми и учебниците,
- управувањето и учеството во органите и телата на училиштата,
- финансирањето на основното образование и
- која било друга област од основното образование.
- Забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон родителите, односно старателите на ученикот врз која било од основите од ставот (1) на овој член.
- Вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и
- правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.

Забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон вработените во основните училишта врз која било од основите од ставот (1) на овој член.
Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со прописите од областа на спречување и заштита од дискриминација.“

## Дел XI-Б. ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### Член 62 -љ

Инклузивното образование е процес со кој им се излегува во пресрет и им се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку зголемување на учеството во учењето, во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува модифицирање на образовните содржини, приоди, организација и стратегии за да се овозможи квалитетно образование за сите.

Инклузивното образование подразбира дека сите деца, без оглед на нивните карактеристики се вклучени и се прифатени со особено внимание на децата што може да бидар маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем.

Ученици со посебни образовни потреби се спаѓаат следните категории ученици:

- Ученици со попреченост (физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања)
- Ученици со нарушувања или растројства во однесувањето, емоционалноста или со специфични тешкотии во учењето
- Ученици кои имаат потреба од посебна поддршка во образованието заради неповолни социо-економски културни или јазични фактори
- Ученици со комплексини потреби
- Ученици со надмината возраст
- Ученици со странско државјанство, деца без државјанство, деца баратели на азил, деца бегалци, деца под супсидијарна заштита, деца под привремена заштита
- Деца од други ранливи категории

Во основното училиште директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план или по модифицирана наставна програма.

За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма.

**Член 4**

Другите членови од Статутот на ООУ„Пере Тошев“ Росоман остануваат неизменети**.**

**Член 5**

Измените и дополнувањата на Статутот на ООУ„Пере Тошев“ Росоман влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на училиштето и на web страната на училиштето, кој ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука, а по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**НА УЧИЛИШЕН ОДБОР,**

___________________

Бр.0101-65/5 Милован Андонов

10.3.2022 година